# УПАТСТВО

ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА

**- ТРЕТ УПИСЕН РОК -**

Прв чекор во постапката е регистрација на порталот www.upisi.ukim.mk. Кандидатот треба да отвори кориснички профил, преку линкот 'Регистрирај се'. Со регистрираното корисничко име и лозинка кандидатот се најавува во системот. По најава во системот, се внесуваат сите потребни податоци. Порталот овозможува автоматско генерирање на некои од потребните документи: интерен пријавен лист, универзитетски пријавен лист, изјава за национална припадност, преглед на пополнета уплатница и сл.

Доставувањето на документи за пријавување ќе се врши во Одделението за студентски прашања на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер на **23.09.2026** година од **8.00 до 14.00 часот**.

**Документите за пријавување не треба да се прикачуваат електронски во системот.**

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

- Универзитетски пријавен лист за запишување (образец А1) - се набавува од книжарница
- Електронска пријава (се печати од електронската пријава);
- Интерен пријавен лист (се печати од електронската пријава)
- Оригинални свидетелства од сите класови
- Документ за положена државна матура (Оригинално свидетелство за завршено средно образование)
- Извод од матична книга на родените (оригинал)
- Доказ за државјанство на Р.С. Македонија (уверение или решение) (оригинал)
- Уплатница за уплатени 300 денари на жиро сметка на Факултетот


ЛОГО
НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
Коњозов Владимир
Скопје
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
надомест за упис
ПОТПИС
ПРИМАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ
УКиМ - Факултет за дизајн и техноло
БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НБРМ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095
ИЗНОС
МКД 300,00
УПЛАТНА СМЕТКА
СМЕТКА НА КОРИСНИК
1600161654 788 11
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
723019 41
НАЧИН
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА
образец ПП50

- Административна такса од 50 денари
- Изјава за национална припадност (се приложува само ако во свидетелствата и дипломите не е наведена националната припадност) (се печати од електронската пријава)
- Изјава за користење лични податоци (се печати од електронската пријава)

Кандидатите кои конкурираат за запишување како **вонредни студенти** покрај наведените документи треба да ги достават и документите наведени во **глава VI, точка 6** од Конкурсот.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР-СКОПЈЕ**